ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# Извештај за финансиското работење на претпријатието во третиот квартал од 2019 година



Скопје, 2019

СОДРЖИНА


I. Општи информации

II. Табеларен приказ на тримесечен финансиски извештај за III квартал 2019

III. Остварени приходи III квартал 2019

IV. Остварени расходи III квартал 2019

V. Биланс на состојба III квартал 2019

VI. Биланс на успех III квартал 2019

VII. Табела специфицирани приходи III квартал 2019

VIII. Табела специфицирани расходи III квартал 2019

IX. Извештај за реализирани инвестициона програма III квартал 2019

# ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот VII-IX-2019 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите, расходите и инвестициите во третиот квартал од 2019 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2018 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јули - септември 2019 година Јавното Претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## II. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за државни патишта за периодот јули - септември 2019 година

| Ред.б р. | Опис | План 2019 | Остварено 2019 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2019 | Споредбена анализа (остварено 2019/план 2019) | Споредбена анализа (остварено 2019/остварено 2018) | Образложение/забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **8.086.000.000** | **2.297.586.861** | **2.083.936.606** | **100,00%** | **28,41** | **110,25%** | |
| 1.1 | Приходи од патарина | 2.750.000.000 | 870.518.128 | 808.847.842 | 37,89% | 31,66 | 107,62% | |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 1.628.000.000 | 479.327.741 | 427.678.009 | 20,86% | 29,44 | 112,08% | |
| 1.3 | Други приходи | 43.000.000 | 8.397.039 | 7.512.578 | 0,37% | 19,53 | 111,77% | |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 3.100.000.000 | 896.366.847 | 839.257.844 | 39,01% | 28,92 | 106,80% | |
| 1.5 | Приходи од камати,пресметани позитивни курсни разлики и останати долгорочни вложувања | 565.000.000 | 42.977.106 | 640.333 | 1,87% | 7,61 | 6711,68% | |
| | | | | | | | | |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **5.465.500.000** | **1.876.656.398** | **879.397.275** | **100,00%** | **34,34** | **213,40%** | |
| 2.1 | Трошоци суровини и материјали | 21.000.000 | 16.673.925 | 15.676.028 | 0,89% | 79,40 | 106,37% | |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 979.000.000 | 195.290.127 | 180.375.687 | 10,41% | 19,95 | 108,27% | |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 344.500.000 | 31.116.796 | 30.042.515 | 1,66% | 9,03 | 103,58% | |
| 2.4 | Амортизација | 1.800.000.000 | 457.010.904 | 420.979.381 | 24,35% | 25,39 | 108,56% | |
| 2.5 | Трошоци за вработените | 265.000.000 | 72.080.683 | 66.486.612 | 3,84% | 27,20 | 108,41% | |
| 2.6 | Расходи за камати и негативни курсни разлики (финансиски расходи) | 2.056.000.000 | 1.104.483.963 | 165.837.052 | 58,85% | 53,72 | 666,01% | |
| 3 | **Финансиски резултат (добивка/загуба)** | | 420.930.463 | 1.204.539.331 | | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски** | | 256.375.062 | 865.238.416 | | | | |
| 5 | **Вкупни ненаплатени побарувања** | | 32.123.642 | 7.294.333 | | | | |
| 6 | **Состојба на жиро сметки (денарски и девизни)** | | 2.203.365.520 | 3.023.020.683 | | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 465 | 440 | | | | |
| | Број на лица вработени на неопределено време во претпријатието/друштвото | | 331 | 333 | | | | |
| | Број на лица вработени на определено време во претпријатието/друштвото | | 134 | 107 | | | | |
| | Број на привремено вработени лица во претпријатието/друштвото | | | | | | | |
| 8 | **Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието** | | 31.719 | 30.532 | | | | |

## III. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2019 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

Во периодот јули - септември 2019 година ЈП за државни патишта ги има остварено следниве приходи:

1. **Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати**, во третиот квартал од 2019 година изнесува 896.366.847 денари, односно 28,92% од планираните за 2019 година, односно во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 6,80% или за 57.109.003 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** во износ од 870.518.128 денари, односно 31,66% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2019 година. Во споредба со истиот период од 2018 година, приходот врз оваа основа е поголем за 7,62%, односно за 61.671.286 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45 -3763/1 од 03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

3. **Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во износ од 479.327.741 денар, што е 29,44% од планираниот приход по таа основа за 2019 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот врз оваа основа е поголем за 12,08% или за 51.649.732 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот. Овој приход е намален за износот на средствата кои ЈП за државни патишта ги има вратено на имателите на моторни и приклучни возила кои вршат меѓународен транспорт за деновите поминати во странство, согласно Одлуката и Законот за јавни патишта.

4. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 8.397.039 денари или 19,53% од планираните средства за 2019 година. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи.

5. **Приходи** од пресметани и наплатени камати во износ од 27.553.195 денари, пресметани позитивни курсни разлики 15.423.911 денари или вкупно приходи по двата основи 42.977.106 денари.

## IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ

Во периодот јули - септември 2019 година направени се расходи по следниве позиции:

1. **Трошоци за суровини и материјали и електрична енергија________16.673.925** денари:
   - трошоци за канцелариски материјали------------------ 318.048 денари
   - трошоци за средства за хигиена и чистење------------ 118.762 денари
   - трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици------- 2.881.254 денари
   - трошоци за електрична енергија, гориво и др. трошоци за енергија--12.166.089 денари
   - останати материјални трошоци------------------------------------------------ 1.178.955 денари
   - трошоци за резервни делови и материјали за одржување-------------- 8.558 денари
   - трошоци за ситен инвентар во употреба-------------------------------------- 2.259 денари

2. **Услуги со карактер на материјални трошоци______________________195.290.127** денари:
   - трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет------ 4.023.174 денари
   - трошоци за одржување патишта (Македонијапат)------------- 96.553.668 денари
   - трошоци за одржување на опрема, одржување на софтвер, одржување хигиена на наплатни станици и други трошоци--- 7.547.066 денари
   - режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, парно)--- 1.185.901 денари
   - трошоци за елаборати------------------------------------------------------ 499.026 денари
   - трошоци за огласи------------------------------------------------------------ 185.698 денари
   - трошоци за осветлување и надзор над одржување на државни патишта------------------------------------------------------------------------ 65.601.878 денари
   - трошоци за провиизија за здруженија за технички преглед---- 19.637.102 денари
   - други трошоци за услуги------------------------------------------------ 56.614 денари

3. **Останати трошоци од работењето___________________________________ 31.116.796** денари:
   - надоместоци за членови на УО и НО------------------------------------------ 493.594 денари
   - трошоци за репрезентација------------------------------------------------------ 93.548 денари
   - трошоци за осигурување------------------------------------------------------------ 124.291 денари
   - трошоци за банкарски провизии---------------------------------------------- 11.032.824 денари
   - останати трошоци (административни, судски, нотарски такси)----- 125.801 денари
   - трансфери кон ЕЛС за одржување локални патишта и улици------- 14.927.246 денари
   - исплати по основ на договори за вработени во проектна единица-- 492.180 денари
   - трошоци за вештачења, адвокатски услуги, трошоци по судски извршни решенија------------------------------------------------------------------ 3.437.385 денари
   - Надомест на штета по судски решенија-------------------------------------- 389.927 денари

4. **Пресметан трошок за амортизација_________________________________457.010.904 денари**

5. **Трошоци за вработените_______________________________________________ 72.080.683 денари:**
   - Трошоци за бруто плати---------------------------------------------------------- 67.016.721 денари
   - Солидарна помош, одвоен живот, отпремнини --------------------------- 305.929 денари
   - Трошоци за службени патувања во странство --------------------------- 112.778 денари
   - Трошоци за превоз на инкасанти, обуки и други----------------------------- 4.645.255 денари

**6. Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи)__________________________________________ 1.104.483.963 денари:**

- негативни курсни разлики---------------------------------------------------- 1.104.483.678 денари
- камати------------------------------------------------------------------------------- 285 денари

1.Трошоците за суровини, материјали и електрична енергија се поголеми во однос на истиот период минатата година поради тоа што во овој квартал пристигнати и платени се фактури за електрична енергија од претходниот квартал и трошоци направени за приклучоци кон дистрибутивната мрежа за осветлување на клучки и раскрсници на државните патишта.

2.Услуги со карактер на материјални трошоци во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период од минатата година поради поголем исплатен износ по пристигнати ситуации за извршени работи од ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје и исплати за услуги за осветлување на мостови, клучки и тунели на државните патишта.

3.Останати трошоци од работењето во извештајниот период се поголеми во однос на истиот период од минатата година поради исплатената поголема банкарска провизија која е право пропорционална со зголемениот приход од патарина, односно согласно склучениот договор, банката за секојдневното собирање на средствата од наплатните станици наплаќа провизија од вкупно собраните средства.

4.Пресметаниот трошок за амортизација во третиот квартал од 2019 година изнесува 457.010.904 денари.

5.Трошоците за вработените во извештајниот период се поголеми во споредба со истиот период минатата година, поради зголемениот број на вработените во однос на истиот период минатата година (воглавно инкасанти на наплатните станици за патарина и инжињери), примени по добиени согласности за вработување од надлежни институции.

6.Расходи за камати и пресметани негативни курсни разлики во извештајниот период изнесуваат 1.104.483.963 денари. **Напомена**: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики произлегуваат од користењето и отплатата на странски кредити, односно од задолженоста на ЈП за државни патишта.

| | V.БИЛАНС НА СОСТОЈБА | План трет квартал 2019 | Остварено трет квартал **2019** | Остварено трет квартал **2018** | Споредбена анализа оств.тек.год./оств.претх.год(%) | Споредбена анализа оств.тек.год./план.теков,год(%) | Структурна анализа тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| 1 | Парични средства | 759.226 | 2.203.366 | 3.023.021 | 72,89% | 290,21% | 2,20% |
| 2 | Побарувања краткорочни | 83.646 | 411.543 | 238.853 | 172,30% | 492,01% | 0,41% |
| 3 | Залихи | 343 | 1.456 | 1.350 | 107,85% | 424,80% | 0,00% |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | | | | | | |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 7.808 | 13.510 | 13.510 | 100,00% | 173,02% | 0,01% |
| 6 | **Тековна актива (1+2+3+4+5)** | **851.023** | **2.629.875** | **3.276.734** | **80,26%** | **309,03%** | **2,63%** |
| 7 | Материјални средства и вложувања во недвижност | 22.720.172 | 97.457.651 | 86.971.476 | 112,06% | 428,95% | 97,29% |
| 8 | Долгорочни фин. вложувања (долгорочни побарувања) | 15.724 | 62.895 | 76.852 | 81,84% | 400,00% | 0,06% |
| 9 | Нематеријални средства | 5.754 | 17.950 | 24.888 | 72,12% | 311,98% | 0,02% |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | | | | | | |
| 11 | Други средства | | | | | | |
| 12 | **Вкупна актива (6+7+8+9+10+11)** | **23.592.671** | **100.168.371** | **90.349.950** | **110,87%** | **424,57%** | **100,00%** |
| 13 | Вонбилансна актива | | | | | | |
| | **ПАСИВА (Обврски и Акционерски капитал)** | | | | | | |
| 14 | Краткорочни обврски | 1.429.052 | 3.034.589 | 2.804.063 | 108,22% | 212,35% | 3,03% |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 270.866 | 2.230.672 | 830.792 | 268,50% | 823,53% | 2,23% |
| 16 | **Тековни обврски (14+15)** | **1.699.918** | **5.265.261** | **3.634.855** | **144,85%** | **309,74%** | **5,26%** |
| 17 | Долгорочни обврски | 8.750.768 | 40.722.915 | 34.711.632 | 117,32% | 465,36% | 40,65% |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 34.230 | 136.919 | 125.351 | 109,23% | 400,00% | 0,14% |
| 19 | **Нетековни средства (17+18)** | **8.784.997** | **40.859.834** | **34.836.983** | **117,29%** | **465,11%** | **40,79%** |
| 20 | **Обврски (16+19)** | **10.484.915** | **46.125.095** | **38.471.838** | **119,89%** | **439,92%** | **46,05%** |
| 21 | Капитал | 1.250 | 5.000 | 5.000 | 100,00% | 400,00% | 0,00% |
| 22 | Акумулирана добивка | 8.737.859 | 34.949.434 | 32.883.817 | 106,28% | 399,98% | 34,89% |
| 23 | Резерви | 1.294.720 | 7.678.138 | 7.246.497 | 105,96% | 593,03% | 7,67% |
| 24 | Ревализациони резерви | 2.449.113 | 9.796.453 | 9.796.453 | 100,00% | 400,00% | 9,78% |
| 25 | Добивка/Загуба деловна година | 624.815 | 1.614.251 | 1.946.345 | 82,94% | 258,36% | 1,61% |
| 26 | **Вкупен капитал (21+22+23+24+25)** | **13.107.756** | **54.043.276** | **51.878.112** | **104,17%** | **412,30%** | **53,95%** |
| 27 | **Вк. обврски и капитал (20+26) Пасива** | **23.592.671** | **100.168.371** | **90.349.950** | **110,87%** | **424,57%** | **100,00%** |
| 28 | Вонбилансна пасива | | | | | | |

## VI. Табела БИЛАНС НА УСПЕХ трет квартал 2019 година

во илјада денари (000)

| Poz | Опис | План III квартал 2019 | Остварено III квартал 2019 | Оставрено II квартал 2018 | Споредба остварено тековна година/оств. претх. год | Споредба остварено тековна година/планирано | Структурна анализа тековна година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од дејноста | | | | | | |
| 2 | Акциза | 775.000 | 896.367 | 839.258 | 106,80% | 115,66% | 39,76% |
| 3 | Патарина | 687.500 | 870.518 | 808.848 | 107,62% | 126,62% | 38,61% |
| 4 | Регистрација (патна такса) | 407.000 | 479.328 | 427.678 | 112,08% | 117,77% | 21,26% |
| 5 | Други приходи | 10.750 | 8.397 | 7.513 | 111,77% | 78,11% | 0,37% |
| 6 | Вкупно приходи од дејноста | 1.880.250 | 2.254.610 | 2.083.297 | 108,22% | 119,91% | 100,00% |
| 7 | Финансиски приходи | | | | | | |
| 8 | Камати | 1.250 | 27.553 | 566 | 4868,02% | 2204,24% | 64,11% |
| 9 | Позитивни курсни разлики | 140.000 | 15.424 | 74 | 20843,24% | 11,02% | 35,89% |
| 10 | Вкупно Финансиски приходи | 141.250 | 42.977 | 640 | 6715,16% | 30,43% | 100,00% |
| 11 | **Вкупно приходи** | **2.021.500** | **2.297.587** | **2.083.937** | 110,25% | **113,66%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 12 | Расходи од дејноста | | | | | | |
| 13 | Трошоци за материјали и сл. | 5.250 | 16.674 | 15.676 | 106,37% | 317,60% | 5,29% |
| 14 | Трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци | 244.750 | 195.290 | 180.376 | 108,27% | 79,79% | 61,96% |
| 15 | Трошоци за плата и надоместоци | 66.250 | 72.081 | 66.487 | 108,41% | 108,80% | 22,87% |
| 16 | Останати трошоци од работењето | 86.125 | 31.117 | 30.042 | 103,58% | 36,13% | 9,87% |
| 17 | Вкупно Расходи од дејноста | 402.375 | 315.162 | 292.581 | 107,72% | 78,33% | 100,00% |
| 18 | Камати | 125.000 | 0 | 12 | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 19 | Амортизација | 450.000 | 457.011 | 420.979 | 108,56% | 101,56% | 29,27% |
| 20 | Негативни курсни разлики | 389.000 | 1.104.484 | 165.825 | 666,05% | 283,93% | 70,73% |
| 21 | Вкупно останати расходи | 964.000 | 1.561.495 | 586.816 | 266,10% | 161,98% | 100,00% |
| 22 | **Вкупно расходи** | **1.366.375** | **1.876.657** | **879.397** | 213,40% | **137,35%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 23 | Финансиски резултат | 655.125 | 420.930 | 1.204.540 | 34,95% | 64,25% | |
| 24 | Данок на добивка | | | | | | |
| 25 | Нето Финансиски резултат | 655.125 | | 1.204.540 | | | |

во илјада денари (000)

## VII.ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ III КВАРТАЛ 2019

| | 3. Специфицирани приходи | Планирано III квартал 2019 година | Остварено III квартал од 2019 година | Остварено III квартал 2018 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Дел од акциза од нафтени деривати | 775.000 | 896.367 | 839.258 | 106,80% | 115,66% | 39,76% |
| 2 | Патарина | 687.500 | 870.518 | 808.848 | 107,62% | 126,62% | 38,61% |
| 3 | Регистрација (патна такса) | 407.000 | 479.328 | 427.678 | 112,08% | 117,77% | 21,26% |
| 4 | Други приходи | 10.750 | 8.397 | 7.513 | 111,77% | 78,11% | 0,37% |
| 5 | **Вкупни оперативни приходи (1+2+3+4)** | **1.880.250** | **2.254.610** | **2.083.297** | **108,22%** | **119,91%** | **100,00%** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 6 | Приходи од камати | 1.250 | 27.553 | 566 | 4868,02% | 2204,24% | 64,11% |
| 7 | Приходи од позитивни курсни разлики | 140.000 | 15.424 | 74 | 20843,24% | 11,02% | 35,89% |
| 8 | **Вкупно останати приходи (6+7)** | **141.250** | **42.977** | **640** | **6715,16%** | **30,43%** | **100,00%** |
| 9 | **Вкупно приходи (5+8)** | **2.021.500** | **2.297.587** | **2.083.937** | **110,25%** | **113,66%** | |

во илјада денари (000)

## VIII. ТАБЕЛА СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ III КВАРТАЛ 2019

| | 4. Специфицирани расходи | Планирано за III квартал 2019 година | Остварено за III квартал од 2019 година | Остварено за III квартал 2018 година | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 5.250 | 16.674 | 15.676 | 106,37% | 317,60% | 2,16% |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 244.750 | 195.290 | 180.376 | 108,27% | 79,79% | 25,29% |
| 3 | Останати трошоци од дејноста | 86.125 | 31.117 | 30.043 | 103,57% | 36,13% | 4,03% |
| 4 | Трошоци за вработени | 66.250 | 72.081 | 66.487 | 108,41% | 108,80% | 9,33% |
| 5 | Амортизација | 450.000 | 457.011 | 420.979 | 108,56% | 101,56% | 59,19% |
| 6 | **Вкупни оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **852.375** | **772.173** | **713.561** | **108,21%** | **90,59%** | **100,00%** |
| | **Останати расходи** | | | | | | |
| 7 | Расходи по основ на камати | 125.000 | 0 | 12 | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 8 | Расходи по основ на курсни разлики | 389.000 | 1.104.484 | 165.825 | 666,05% | 283,93% | 58,85% |
| 9 | **Вкупно останати расходи (7+8)** | **514.000** | **1.104.484** | **165.837** | 666,01% | 214,88% | 58,85% |
| 10 | **Вкупно расходи (6+9)** | **1.366.375** | **1.876.657** | **879.398** | **213,40%** | **137,35%** | **100,00%** |
| | | | | | | | |
| 1 | Трошоци за плати и придонеси | | 67.017 | 60.895 | | | |
| 2 | Просечен број на вработени | | 465 | 440 | | | |

IX Извештај за реализирани ивестициона програма во III квартал 2019 година:

| Инвестициона програма | Програма 2019 година | Реализација VII-IX-2019 | Реализација VII-IX-2018 | Споредба VII-IX-2019 /VII-IX-2018 | Реализација VII-IX 2019/програма 2019 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот VII-IX 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **13.116.800.000** | **3.479.514.876** | **2.025.893.484** | **171,75** | **26,53%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **2.904.500.000** | **913.287.412** | **809.761.862** | **112,78** | **31,44%** | **26,25%** |
| * Градба, рехабилитација, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 1.668.500.000 | 532.656.678 | 520.480.481 | 102,34 | 31,92% | 15,31% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 550.000.000 | 211.391.508 | 134.474.392 | 157,20 | 38,43% | 6,08% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 200.000.000 | 68.491.980 | 41.131.538 | 166,52 | 34,25% | 1,97% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 478.700.000 | 95.426.460 | 108.866.191 | 87,65 | 19,93% | 2,74% |
| *Опрема | 7.300.000 | 5.321.127 | 4.809.260 | 110,64 | 72,89% | 0,15% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **10.212.300.000** | **2..566.227.464** | **1.216.131.622** | **211,02** | **25,13%** | **73,75%** |

1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 913.287.412 денари и тоа:

- Средствата во износ од 532.656.678 денари беа потрошени за ситуации за рехабилитација на државни и регионални патишта и тоа: докомплетирање на автопатот Миладиновци-Штип, клучка Обиколница Скопје, Ропалце-Матејче-Липково, Радовиш-Струмица, рехабилитација на Обиколница Битола и санација на свлечишта II фаза, делница Негорци-Гевгелија, транзитен дел низ Кавадарци Калуѓерац-Растеш, санација на магистрален пат Неготино-Демир Капија, Радовиш-Подареш, Кочани-Пониква, Велес-Градско-Градско-Велес, Злетово-Пробиштип, Колари-Кичево, Старо Коњарево-Ново Коњарево, Кадрифаково-Штип, Прилеп-Прилепско езеро, Берово-ГП Клепало, Маврово-Никифорово, потоа санација на свлечишта и рехабилитација на мостови. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР за проектот електронска патрина и сопствено учество во финансирање на автопатот Кичево-Охрид.

- За инвестициско одржување на државните патишта во третиот квартал од 2019 година потрошени се средства во износ од 211.391.508 денари согласно Договорот и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 68.491.980 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во третиот квартал од годината потрошени се 95.426.119 денари, односно 19,93% од вкупно планираните средства за 2019 година. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата потрошени се 81.690.785 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополнување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 13.735.334 денари.

-За набавка на опрема и софтвер потрошени се 5.321.127 денари

2. **За инвестиции од странски кредити**, беа реализирани вкупно 2.566.227.464 денари и тоа: За реализација на Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за градба на национални патишта финансирани од **ЕБОР** потрошени се 499.863.078 денари; За реализација на Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта и за Проектот за унапредување и развој на патиштата (Ранковце – Крива Паланка) финансирани од кредит од **Светска Банка** потрошени се 589.168.987 денари, Проект финансиран од Ексим банка (Кичево-Охрид) 1.476.306.776 денари и ЕИБ банка консултантски услуги 888.623 денари.

Директор

Зоран Китанов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ